ДЗЛП

Дирекција за заштита на личните податоци на Република Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ
ПОДАТОЦИ ВО 2007 ГОДИНА

Република Македонија

Бр. 01-356/1

Скопје 31.03.2008 година

**„Дирекцијата е фокусирана кон обезбедување на транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и грижа за почитување на основните принципи и стандарди во оваа област“**

Правото на заштита на личните податоци, претставува едно од основните човекови слободи и права, гарантирано со Европската Конвенција за човекови права од 1951 година. Во зависност од тоа колку ова право се почитува, се определува и степенот на демократијата и владеењето на правото во една држава.

Фактот дека заштитата на личните податоци навлегува во сите сфери на општественото живеење, доволно зборува за тоа колку е комплексна оваа материја.

Во демократско општество никој не смее да се чувствува дека постојано е следен или набљудуван од некого, а ова станува се повеќе наша реалност. Потребата за обработка и собирање на голем број на лични податоци од страна на law enforcement[1] институциите е во пораст.

Во време кога заради борбата против тероризмот и организираниот криминал е многу тешко да се воспостави баланс помеѓу безбедносните мерки што се преземаат во овој правец и заштитата на човековите права, повеќе од јасна е оправданоста во секоја европска земја да се воспоставува адекватна правна и институционална рамка за заштита на личните податоци. Борбата против тероризмот и организираниот криминал е неопходна и оправдана. Личните податоци на граѓаните се неопходни за остварување на целите на оваа борба, но сепак мора да се пропорционални на таа цел. Во оваа насока, органите за заштита на личните податоци се тие кои што не само што треба да предупредуваат на опасностите од преобемното собирање на податоците и нарушување на приватноста, туку и да предлагаат алтернативи, односно помалку инвазивни методи кои ја нарушуваат приватноста.

Развојот на информатичката технологија ги зголемува можностите за бројни злоупотреби на податоците. Размената на податоци во глобалниот свет не била никогаш полесна од денес. Личните податоци се повеќе се разменуваат помеѓу институциите, органите, организацииите, приватните фирми, се обработуваат во областа на банкарството, телекомуникациите, се пренесуваат преку границите на државите, заради што се наметнува потребата од јакнење на позицијата на институцијата, како што е профилирана Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Дирекцијата е фокусирана кон обезбедување на транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и грижа за почитување на основните принципи и стандарди во оваа област. Од искуствата на другите земји во кои долги години функционираат независни органи за заштита на личните податоци, евидентно е дека процесот на запознавање на јавноста со ова право, како и процесот на наметнување на стандардите и принципите во оваа област се долготрајни. Ефективното работење на Дирекцијата треба да резултира со влијание врз граѓаните за развивање на свеста за ова нивно право, а за оние кои ги обработуваат податоците, исклучително почитување на законските обврски што произлегуваат за нив.

---

[1] Органи со посебни (полициски) овластувања

За да биде успешна во својата мисија, неопходно е Дирекцијата да соработува со државните органи, приватниот сектор, невладиниот сектор, со медиумите и со секој граѓанин одделно.

Почитувањето на европските стандарди во оваа област, подразбира Дирекцијата да поседува исклучително голема професионалност и стручност.

Изминатата 2007 година беше исклучително значајна за Дирекцијата, но и за сите граѓани на Република Македонија.

Дирекцијата целосно се посвети на зајакнување на сопствените капацитети за исполнување на основните надлежности и континуирано работеше на подигнување на јавната свест како кај граѓаните, така и кај контролорите на збирки на лични податоци.

Овие заложби придонесоа бројот на барања од страна на граѓаните за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци, бројот на извршените надзори и бројот на дадени мислења по однос на прашања од оваа област, да бележи континуиран пораст во однос на минатата година.

Дирекцијата и понатаму ќе продолжи да прави напори со својата работа да ја засили довербата на граѓаните, а со тоа и демократијата во Република Македонија во целост.

Со почит,
Маријана Марушиќ

СОДРЖИНА

**ВОВЕД ...... 6**

**1. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ...... 7**

1.1. Креатор на политиката за имплементација на заштитата на личните податоци: ...... 7
1.2. Вршител на надзорот над обработката на личните податоци и нивната заштита ...... 7
1.3. Чувар на законитоста на обработката на личните податоци ...... 7
1.4. Орган надлежен за водење на регистар и евиденции ...... 7
1.5. Заштитник на правата на физичките лица од областа на заштитата на личните податоци ...... 7
1.6. Претставник на Република Македонија во областа на заштита на личните податоци во меѓународната соработка и комуникации ...... 7

**2. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ...... 8**

**3. КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА ...... 9**

**4. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ...... 10**

4.1. Збирни податоци за 2007 година ...... 10
4.2. Анализа на расходите во 2007 година во однос на 2006 година ...... 10

**5. ГЛАВНИ ПРИОРИТЕТИ ВО 2007 ГОДИНА ...... 12**

**6. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2007 ГОДИНА ...... 13**

6.1. Вршење на управен надзор ...... 13
6.2. Имплементација на правната регулатива ...... 16
*6.2.1. Закон за заштита на личните податоци ...... 16*
*6.2.2. Дополнителен протокол кон Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа ...... 17*
*6.2.3. Стручни мислења по други закони ...... 17*
*6.2.4. Поддршка во процесот на усогласување на работата на контролорите со одредбите на Законот ...... 17*
6.2.4.1. Давање мислења по подзаконските акти на контролорите во однос на усогласеноста со одредбите на Законот ...... 17
6.2.4.2. Давање мислења по барања на контролорите за непосредна имплементација на Законот ...... 18
6.2.4.3. Давање согласност за пренос на лични податоци во други држави ...... 18
*6.2.5. Укажувања до контролорите ...... 20*
6.3. Постапување по барања на граѓани ...... 20
6.4. Централен регистар ...... 21

**7. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОИНТЕГРАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ...... 22**

7.1. Eurojust ...... 22
7.2. Europol ...... 22

**8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ...... 23**

8.1. Активности во Европската унија и Советот на Европа ...... 23
*8.1.1. Работната група 29 (Working Party 29) ...... 23*
*8.1.2. Консултативен Комитет (T-PD) ...... 23*
8.2. Активности во меѓународните мрежи на органите за заштита на личните податоци ...... 23
*8.2.1. Пролетна конференција на Европските органи за заштита на личните податоци ...... 23*
*8.2.2. Конференција на органите за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа ...... 24*
*8.2.3. Меѓународна група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите ...... 24*
*8.2.4. Работилница за постапување по барања ...... 24*
8.3. Билатерална соработка ...... 24

**9. ПРОЕКТИ ...... 25**

9.1. Проект на Европската унија ...... 25
9.2. Проекти на ФИООМ ...... 25
9.3. Проект на Фондација Метаморфозис ...... 26
9.4. Проекти на МИМ ...... 26

**10. ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ....27**

10.1. ДЕН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ - 28 ЈАНУАРИ....27

*10.1.1. Подготовки за одбележување на Денот за заштита на личните податоци – 28 јануари во 2008....28*

**11. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР....29**

**12. ПРИОРИТЕТИ ЗА 2008 ГОДИНА....30**

**13. ПРЕПОРАКИ....31**

**14. ЗАКЛУЧОК....32**

**ПРИЛОГ....33**

Табела 1: Преглед на реализација на средства во 2007 година....33
Табела 2: Компаративна табела на реализација на средства по години....33
Табела 3: Преглед на извршени управни надзори во 2007 година....34
Табела 4: Преглед на дадени стручни мислења во 2007 година....36
Табела 5: Преглед на дадени укажувања во 2007 година....39
Табела 6: Преглед на барања од граѓани за утврдување на повреда на право во 2007 година....39
Табела 7: Преглед на активности за подигнување на јавна свест во 2007 година....40
Табела 8: Преглед на медиумска застапеност во 2007 година....40
Табела 9: Преглед на организирани семинари, работилници и обуки во 2007 година....41
Табела 10: Преглед на подготвени информативни материјали во 2007 година....42

**КРАТЕНКИ....43**

## ВОВЕД

Во Република Македонија, правото на заштита на личните податоци за првпат е нормирано во член 18 од Уставот на Република Македонија од 1991 година, со што е поставена основата за обезбедување гаранција на сигурност и тајност на личните податоци и заштита од повреда на личниот интегритет на граѓаните.

Правото на заштита на личните податоци на системски начин се разработи во Законот за заштита на личните податоци од 1994 година, изменет во 2002 година. Овој закон не заживеа во практиката и притоа не ги задоволуваше критериумите на Европската унија, заради што се наметна потребата од нов Закон за заштита на личните податоци[2], како клучен пропис во оваа област. Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Законот) е усогласен со европската регулатива и е во функција на евроинтегративниот процес на Република Македонија.[3]

Значајно е дека со овој закон е предвидено во Република Македонија да се основа институција која ќе се грижи за приватноста на граѓаните, односно за заштита на нивните лични податоци. Законската рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија ја дополнува и Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци.[4]

Во функција на градење на институционален капацитет, на 22 јуни 2005 година со именување на директор, формирана е Дирекција за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата).

---

[2] „Службен Весник на Република Македонија" бр.07/2005

[3] Конкретно, Директивата 95/46/ЕК на Европскиот парламент и Советот за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци од 24.10.1995 година, во голем дел е имплементирана во Законот за заштита на личните податоци.

[4] Законот за ратификација на Конвенцијата 108/81 е донесен во 25.01.2005 година „Службен Весник на Република Македонија" бр.07/2005, истата е ратификувана на 24.03.2006 година, а стапи во сила на 01.07.2006 година.

# 1. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА

Дирекцијата е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Дирекцијата во областа на заштитата на личните податоци има улога на:

## *1.1.Креатор на политиката за имплементација на заштитата на личните податоци:*

- подготвува и донесува прописи (подзаконски акти) поврзани со имплементацијата на заштитата на личните податоци;
- ги објавува општите принципи на обработка на личните податоци.

## *1.2.Вршител на надзорот над обработката на личните податоци и нивната заштита*

- врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита;
- истражува и има пристап до збирките на лични податоци на контролорот, по вид на субјекти и цели;
- ги контролира операциите на обработките на личните податоци што ги применуваат контролорите и собира податоци за правилно извршување на нејзините работи;
- ги проверува сите случаи на престанок на обработка на лични податоци, без оглед на причините кои ги предизвикале;
- издава забрана за понатамошна обработка на личните податоци на контролорот во согласност со Законот.

## *1.3.Чувар на законитоста на обработката на личните податоци*

- ја цени законитоста на обработката на личните податоци;
- се грижи за почитување на принципите на обработка на личните податоци;
- дава мислење по подзаконските акти на контролорот;
- потврдува дека подзаконските акти на контролорот се во согласност со одредбите на Законот;
- дава помош во обработката на личните податоци.

## *1.4.Орган надлежен за водење на регистар и евиденции*

- води Централен регистар;
- води евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави.

## *1.5.Заштитник на правата на физичките лица од областа на заштитата на личните податоци*

- постапува по барања на физички лица во врска со повреда на нивните права во поглед на обработката на личните податоци.

## *1.6.Претставник на Република Македонија во областа на заштита на личните податоци во меѓународната соработка и комуникации*

- постапува по барањата на надзорен орган на друга држава за спроведување на неговите надлежности на територија на Република Македонија;
- остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учествува во работата на меѓународни организации и институции за заштитата на личните податоци.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Внатрешната организација на Дирекцијата е поставена во согласност со надлежностите на Дирекцијата.

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на Дирекцијата, согласно со видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и меѓусебната поврзаност и сродност, во Дирекцијата се предвидени следните организациски облици:




Во текот на 2007 година, Секторот за вршење управен надзор и правни работи и Секторот за општи и заеднички работи продолжија да ги извршуваат работите и задачите од нивен делокруг, а Секторот за Централен регистар и информатичка поддршка отпочна со работа, со што се надмина еден од проблемите со кој се соочуваше Дирекцијата.[5]

[5] Во времето на пишување на овој Извештај, во Дирекцијата се усвоени нови акти за организација на работата и систематизација на работните места, а согласно со Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државна управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.105/2007) и Уредбата за описот и звањата на државните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.106/2007.

# 3. КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Во текот на 2007 година, се реализираа голем број активности насочени кон подобрување на кадровските и технички услови за институционално јакнење и ефикасно работење на Дирекцијата.

Дирекцијата ја започна 2007 година со вкупно 11 државни службеници. Во текот на 2007 година на еден државен службеник му престана работниот однос во Дирекцијата, а се вработија 5 државни службеници. Заклучно со 31.12.2007 година, во Дирекцијата беа вработени вкупно 15 државни службеници.

Образовната структура на вработените државни службеници е следна: 13 се со високо образование, а двајца со средно образование. Постепеното зголемување на обемот на работа во Дирекцијата ја наметнува потребата од понатамошно зголемување на бројот на вработените, особено во Одделението за вршење управен надзор, Одделението за постапување по барања и претставки, како и во Секторот за Централен регистар и информатичка поддршка. Како посебни причини за потребата од нови вработувања детектирани се: интензивирање на надзорот, зголемување на бројот на поднесени барања на граѓаните, неодамна отпочнатото функционирање на Централен регистар и потребата од континуирана информатичка поддршка.[6]




Информатичката опрема за потребите на Дирекцијата е обезбедена во 2006 година, преку Проектот финансиран од Европската унија, Програма Кардс 2004. Во 2007 година се пристапи и кон набавка на дополнителна опрема (2 персонални компјутери) со што се создадени неопходните технички услови за работа. Целокупната информатичка опрема што е ставена во функција на Дирекцијата е поврзана со соодветни компјутерски и телекомуникациски линии. Но, Дирекцијата се соочува со недостиг на канцелариски мебел. Сегашната состојба е делумно решение на проблемот, посебно имајќи го предвид планираното кадровско екипирање на Дирекцијата за 2008 година.

[6] Евиденциите на збирките на лични податоци што ги водат контролорите се обединуваат во Централен регистар, достапен на јавноста преку интернет страницата на Дирекцијата.

# 4. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

## *4.1. Збирни податоци за 2007 година*

Буџетот на Дирекцијата за 2007 година, како дел од Буџетот на Република Македонија за 2007 година, согласно „Службен весник на Република Македонија“ бр.139/06, е одобрен во вкупен износ од 9.329.000,00 денари.

Завршната сметка за 2007 година на Дирекцијата е прифатена на 26.02.2008 година со следните показатели:

| | **ДЕНАРИ** |
|---|---|
| . Остварен вкупен приход | 7.929.827,00 |
| . Остварени вкупни трошоци | 7.929.827,00 |
| . Добивка пред оданочување | 0,00 |
| . Данок на добивка | 0,00 |
| . Распоред на добивката пред оданочување | 0,00 |

| **Збирни податоци за 2007 година** | **ДЕНАРИ** |
|---|---|
| . Вкупен буџет за 2007 година | 9.329.000,00 |
| . Вкупно остварени приходи (трансфери од Буџетот на Република Македонија) | 7.929.827,00 |
| . Вкупно реализирани расходи | 7.929.827,00 |

Од вкупниот одобрен буџет на Дирекцијата за 2007 година во износ од 9.329.000,00 денари, реализирани се 85% односно 7.929.827,00 денари. Генерално гледано, кај сите ставки од буџетот на Дирекцијата има висок процент на реализација на одобрените средства, освен кај платите и надоместоците на платите.

Ако се погледне структурата на буџетот во целина, 6.467.000,00 денари или 69,32% од средствата се однесуваат на плати и надоместоци на плати на вработените. Четирите нови вработувања предвидени за реализација во првиот квартал од 2007 година се реализираа дури во последниот месец од годината, пред се поради долгото траење на постапката за вработување. Оттаму, издвоените средства за плати и надоместоци на плати за новите вработени останаа нереализирани во 2007 година, што го намали процентот на реализирани средства на 85%.[7]

## *4.2. Анализа на расходите во 2007 година во однос на 2006 година*

Зголемениот буџет за 2007 година за 2.805.000,00 денари или за 43% од буџетот за 2006 година, овозможи соодветно зголемување на расходите по одделни ставки за 2007 година.[8]

[7] Табела 1 од Прилогот кон Годишниот извештај
[8] Табела 2 од Прилогот кон Годишниот извештај


Процентуална застапеност на трошоците во планираниот буџет на ДЗЛП
за 2007 година
41%
17%
0%
9%
9%
2%
0%
1%
2%
3%
1%
15%
Ставка 401 - Плати, наемнини и надоместоци
Ставка 402 - Продонеси за социјално осигурување
Ставка 403 - Останати придонеси од плати
Ставка 420 - Патни и дневни расходи
Ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт
Ставка 423 - Ситен инвентар, алати други материјали за поправки
Ставка 424 - Поправки и тековно одржување
Ставка 425 - Договорни услуги
Ставка 426 - Други тековни расходи
Ставка 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини
Ставка 485 - Други нефинансиски средства
Нереализирани средтсва


Буџет на ДЗЛП 2006-2007 (компаративен преглед по ставки)
4,000,000.00
3,500,000.00
3,000,000.00
2,500,000.00
2,000,000.00
1,500,000.00
1,000,000.00
500,000.00
0.00
Плати
Придонеси
Останати придонеси
Патни и дневни расходи
Комунални
Ситен инвентар
Поправки
Договорни услуги
Други тековни расходи
Мебел и опрема
Други нефинансиски средства
Буџет 2006 година
Буџет 2007 година

# 5. ГЛАВНИ ПРИОРИТЕТИ ВО 2007 ГОДИНА

Главните приоритети на Дирекцијата во 2007 година беа фокусирани кон исполнување и реализација на законските обврски, како и активностите утврдени во Стратегискиот план и Програмата за работа на Дирекцијата. Оттука, приоритетите на Дирекцијата во 2007 година беа:

- Целосно усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, конкретно со Директивата 95/46/ЕК на Европскиот парламент и Советот за заштита на лицата во однос на обработката на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци преку подготовка на измени и дополнувања на Законот, како и усогласување со меѓународните акти на Советот на Европа, конкретно потпишување и ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци 108/81, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци[9];
- Зајакнување на ефикасноста во вршењето на контрола и надзор над обработката на личните податоци од страна на контролорите, во постапувањето по барања на физички лица за утврдување на повреда на правото за заштита на личните податоци загарантирано со Законот и во давањето мислења по однос законските и подзаконските решенија во делот на заштита на личните податоци во различни секторски области;
- Развој на меѓуинституционалната соработка и едукативно делување врз контролорите за нивно усогласување со обврските што произлегуваат од Законот преку вршење управен надзор, давање стручни мислења и укажувања, како и преку организирање на обуки и семинари за контролори;
- Континуирано делување во насока на подигнување на јавната свест за правото на приватност и заштита на личните податоци;
- Зајакнување на административниот и институционален капацитет за поефикасно извршување на основните надлежности на Дирекцијата;
- Ставање во функција на интернет страната на Дирекцијата и зајакнување на нејзината улога како една од основните алатки за комуникација со граѓаните;
- Изготвување на проектно решение за поставување на Централниот регистар и неговото програмирање и
- Техничко доопремување на Дирекцијата со информатичка опрема.

[9] Република Македонија го потпиша Дополнителниот Протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци 108/81, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа, со што ја изрази својата политичка волја за прифаќање на овој правен документ. Во тек е постапка за донесување на Закон за ратификација на Дополнителниот Протокол.

# 6. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2007 ГОДИНА

## *6.1. Вршење на управен надзор*

Управниот надзор во 2007 година се реализираше врз основа на:

- Годишен план за вршење на управен надзор;
- Претставки и иницијативи на граѓани и правни лица и
- Вонредно констатирани состојби на злоупотреби во одделни области.

Во текот на 2007 година Дирекцијата изврши 46 управни надзори[10] над контролори на збирки на лични податоци, од кои 18 управни надзори се реализирани над контролори од јавниот сектор, а 28 над контролори од приватниот сектор. При управниот надзор остварен е непосреден увид во 88 збирки на лични податоци.

За утврдените состојби кај контролорите над кои е извршен управен надзор изготвени се 46 записници. Кај 20 контролори донесени се решенија од страна на директорот на Дирекцијата за отстранување на утврдените повреди во нивната работа. Кај 4 контролори не беа утврдени повреди во однос на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита. Дирекцијата беше известена од страна на 18 контролори дека ги отстраниле повредите констатирани во записникот по извршениот надзор, а од страна на 12 контролори дека ги отстраниле повредите утврдени во решението по извршениот надзор, со што покажаа подготвеност и волја за усогласување на своето работење со одредбите на Законот.

Што се однесува на мерките преземени при надзорот и контролата, контролорите беа задолжени да ги отстранат утврдените повреди и своето работење да го усогласат со одредбите на Законот до истекот на транзицискиот период, кој траеше до 19.12.2007 година. Истовремено, на контролорите им беа дадени препораки за целосно усогласување на работењето со одредбите од Законот.

Поради обемноста на документацијата за надзор, почитување на роковите на пропишаната постапка и ограничениот кадровски капацитет на Дирекцијата, некои од отпочнатите постапки, продолжија и во 2008 година.

Од извршените надзори утврдени се следниве повреди:

- Контролорот неосновано автоматизирано води лични податоци на субјектите на лични податоци врз основа на побарана услуга за која биле одбиени;
- Контролорот неосновано трајно чува лични податоци на субјектите на лични податоци - корисници на определени услуги или на субјекти на лични податоци чија обврска кон контролорот е исполнета;
- Во обрасците на контролорот со кои се нуди продукт или услуга не е наведено дали одговорите на прашањата се задолжителни или доброволни и не им е дадено правото на субјектите да не се согласат со употребата на нивните лични податоци за комерцијални цели;
- Контролорот врши обработка на лични податоци без писмена согласност од субјектите на лични податоци за комерцијални цели;

[10] Табела 3 од Прилогот кон Годишниот извештај

- Контролорот чува лични податоци на одбиени кандидати за вработување без да биде обезбедена нивна писмена согласност;
- Контролорот врши обработка на посебни категории на лични податоци без да постои правен основ;
- Контролорот не предвидува посебно обележување и заштита на посебните категории на лични податоци;
- Контролорот не ги информира субјектите на лични податоци за правото на пристап и бришење на податоците;
- Во договорот што контролорот го склучува со обработувач на личните податоци не се наведени техничките и организациски мерки за заштита на обработката на лични податоци;
- Во договорот што контролорот го склучува за давање лични податоци на корисник не е наведено дека личните податоци треба да се избришат по истекот на времето кое е неопходно за остварување на одредена цел;
- Контролорот нема утврдено рокови на чување на личните податоци;
- Контролорот нема утврдено рокови на чување на личните податоци кои се обработуваат електронски;
- Личните податоци кои автоматски се обработуваат кај контролорот не се бришат по исполнување на целта заради која биле собрани;
- Контролорот не предвидел одредби за обврските за заштита на личните податоци при користењето на услугите на индиректната продажна мрежа;
- Личните податоци кои контролорот рачно ги обработува не ги ништи по исполнување на целта заради која биле собрани;
- Контролорот врши несоодветно уништување на документи што содржат лични податоци;
- Контролорот не обезбедува соодветна физичка заштита за дел од документацијата што содржи лични податоци поради недостиг на соодветни простории;
- Контролорот нема склучено договор за давање на лични податоци на користење со корисникот на податоците;
- Во договор за давање на податоци на користење не е содржана клаузула за заштита на личните податоци;
- Контролорот дава податоци на користење без поднесно писмено барање од страна на корисникот на податоците;
- Контролорот бара писмена согласност за неограничено располагање со личните податоци на субјектите;
- Контролорот не води посебна евиденција за личните податоци кои се дадени на користење;
- Контролорот не предвидува посебна заштита на ЕМБГ;
- Контролорот нема донесено акт за технички и организациски мерки;
- Контролорот нема обезбедено соодветни технички и организациски мерки;

- Контролорот не ги ажурира личните податоци што ги води во своите збирки;
- Податоците што ги обработува контролорот се преобемни во однос на целта заради која се собрани;
- Контролорот обработува лични податоци без да постои правен основ;
- Контролорот трајно ги чува личните податоци без да постои правен основ;
- Контролорот чува лични податоци во електронска форма без правен основ;
- Контролорот нема документ за бришење на личните податоци;
- Контролорот зема, чува и доставува фотокопии на лични документи од субјектите на лични податоци без правен основ;
- Контролорот врши пренос на лични податоци во други држави без добиена писмена согласност од субјектите на личните податоци или Дирекцијата;
- Контролорот врши видео надзор без да постои основ за тоа и нема истакнато известување.



## *6.2. Имплементација на правната регулатива*

### 6.2.1. Закон за заштита на личните податоци

Интенцијата на Законот е да ги промовира основните стандарди и принципи, прифатени во европската легислатива, кои мора да се почитуваат при обработката на личните податоци во Република Македонија.

Во досегашната имплементација на Законот постигнати се значајни резултати. Воспоставена е правната и институционалната рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија, јасно се диференцирани правата и обврските на субјектите на личните податоци и контролорите со што се зацврсти почитувањето на уставно загарантираното право на заштита на личните податоци и правото на приватност како показатели на степенот на демократијата во една земја.

Но, и покрај ваквите оценки, се наметна потреба од натамошно доуредување на Законот и приспособување кон современите и веќе воспоставени решенија во европското законодавство.

По деталната анализа на досегашната примена на Законот, како и врз основа на искуствата на другите земји членки на Европската унија, подготвени се измени и дополнувања на Законот.

Со измените и дополнувањата на Законот треба се постигнат следните цели:

- обезбедување на еднакво ниво на заштита на правото на приватност на физичките лица во поглед на заштитата на нивните лични податоци, што согласно документите и регулативите е обезбедено во земјите членки на Европската унија, посебно со Директивата 95/46/ЕК на Европскиот парламент и Советот;
- усогласување на националното законодавство и со Дополнителниот протокол кон Конвенцијата 108/81, посебно во делот за независноста на органот за заштита на личните податоци и преносот на личните податоци во други држави;
- проширување на важењето на одредбите на Законот врз обработката на личните податоци при водењето на кривичната постапка, како и во областа на безбедноста и одбраната;
- поедноставување и доуредување на постапката за постапување по барања на граѓани за заштита на правата загарантирани со овој закон;
- воведување на принципот на техничка неутралност со што се овозможува применливост на одредбите на Законот без оглед на развојот на современата информатичка технологија;
- поедноставување на обврските на контролорите по однос на водење на збирките на личните податоци;
- поедноставување на постапката за давање на лични податоци на корисници;
- воспоставување на инспекциски надзор над законитоста на обработката на личните податоци утврдена со овој и посебните закони и
- усогласување на овој закон со Законот за прекршоците.

Предложените измени и дополнувања на Законот влегоа во Собраниска процедура при крајот на извештајниот период.

### 6.2.2. Дополнителен протокол кон Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа

Дирекцијата ги презема сите потребни активности за потпишување и ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци 108/81, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа, што претставува обврска за Република Македонија, со чие исполнување ќе се прошири законската рамка во оваа област. Потребата за потпишување и ратификација на Дополнителниот протокол произлегува и од забелешките дадени во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија од 2007 година, во делот што се однесува на заштитата на личните податоци.

Како резултат на горенаведените активности Република Македонија го потпиша Дополнителниот протокол на 04.01.2008 година, со што изрази политичка волја за негово прифаќање. Дирекцијата во соработка со Министерството за надворешни работи ја продолжи постапката за негова ратификација.

### 6.2.3. Стручни мислења по други закони

Дирекцијата во текот на 2007 даде 5 стручни мислења по однос на усогласеноста на одделни секторски закони со принципите за заштита на личните податоци и Законот, и тоа во следните области:

- пензиско осигурување – Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;
- статистика – Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика;
- здравство – Закон за заштита на пациентите;
- електронско тргување – Закон за електронска трговија;
- работни односи – Закон за вработување на странците.

Најголем дел од забелешките и сугестиите, дадени од страна на Дирекцијата беа прифатени што укажува на подготвеноста на релевантните институции за прифаќање на принципите за заштита на личните податоци, со што е отпочнат процесот на имплементирање на принципите за заштита на личните податоци во националното законодавство.

### 6.2.4. Поддршка во процесот на усогласување на работата на контролорите со одредбите на Законот

#### *<u>6.2.4.1. Давање мислења по подзаконските акти на контролорите во однос на усогласеноста со одредбите на Законот</u>*

Дирекцијата дава мислења за усогласеноста на подзаконските и интерните акти на контролорите со кои се уредуваат техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци со принципите на заштита на личните податоци, Законот и подзаконските акти.

Во текот на 2007 година беа дадени 13 мислења во следниве области:

- пензиско и инвалидско осигурување 3;
- хартии од вредност 1;
- јавен сектор 3;
- банкарство/финансии 4;
- телекомуникации 1;
- осигурување 1.

*6.2.4.2. Давање мислења по барања на контролорите за непосредна имплементација на Законот*

1. *Давање мислења во врска со склучување на договори за давање на лични податоци на користење*

Во текот на 2007 година од Дирекцијата беа побарани мислења по однос на уредувањето на меѓусебните односи на контролорите и корисниците, при давање на лични податоци на користење. Беа дадени 5 мислења и тоа во следниве области:

- пензиско осигурување 1;
- хартии од вредност 1;
- јавен сектор 1;
- статистика 1;
- труд и социјална политика 1.

2. *Давање мислења за обврските на контролорите што произлегуваат од Законот*

Во текот на 2007 година Дирекцијата одговари на 50 барања за давање мислења од граѓани и контролори во однос на практичната примена на Законот, и тоа во следниве области:

- банкарство/финансии 8;
- барања мислења од граѓани 15;
- телекомуникации 5;
- директен маркетинг 4;
- здравство 5;
- осигурување 1;
- објавување на лични податоци 6;
- одбрана 1;
- услови за пренос на лични податоци во други држави 2;
- даночна постапка 1;
- работни односи 2.

*6.2.4.3. Давање согласност за пренос на лични податоци во други држави*

При вршење на пренос на лични податоци во други држави, Дирекцијата ја оценува соодветноста на степенот на заштита на личните податоци во државата каде што се врши преносот.

Во 2007 година беа побарани 7 мислења за оценка на степенот на соодветноста на заштита на лични податоци во други држави. Од нив 2 барања беа без потребната документација, заради што по истите е дадено негативно мислење, а за останатите 5 барања беше дадено позитивно мислење за вршење на преносот.

Барањата за оценка на соодветноста на степенот на заштита на личните податоци во други држави се однесуваа на:

- Република Чешка 1;
- Република Германија 4;
- Република Бугарија 1;
- Соединетите Американски Држави 1.[11]

[11] Табела 4 од Прилогот кон Годишниот извештај


Побарани мислења од физички и правни лица
57
15
Физички лица
Правни лица


Дадени мислења по области
Банкарство 20%
Давање на лични податоци на користење 3%
Даночна постапка 2%
Директен маркетинг 6%
Здравство 9%
Електронска трговија 2%
Користење на ЕМБГ 2%
Одбрана 2%
Осугурување 5%
Откривање на лични податоци 5%
Пензиско и инвалидско осигурување 9%
Податоци за починати лица 3%
Слободен пристап до информации 9%
Статистика 3%
Телекомуникации 12%
Труд и социјала 3%
Утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци 2%
Услови за пренос на податоци 3%
Хартии од вредност 3%

### 6.2.5. Укажувања до контролорите

Во текот на 2007 година дадени се вкупно 13 укажувања[12] до контролори за кои Дирекцијата дојде до сознание дека не ги почитуваат принципите за заштита на личните податоци. Најчест предмет на овие укажувања беше:

- неовластено објавување на лични податоци на интернет и во печатени медиуми;
- неовластено објавување на податоци за малолетни лица на интернет;
- ширење на спам пораки;
- несоодветна методологија на собирање на лични податоци;
- неовластено поставување на камери на јавен простор.

Во текот на 2007 година беа одржани голем број работни состаноци и средби со контролори од јавниот и приватниот сектор во функција на нивно запознавање со обврските што за нив произлегуваат од Законот.

## *6.3. Постапување по барања на граѓани*

Во текот на 2007 година до Комисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци, која одлучува во прв степен по поднесените барања на граѓаните кои сметаат дека им се повредени правата загарантирани со Законот за заштита на личните податоци, поднесени се вкупно 24 барања од граѓани[13] за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци.

Комисијата постапи по 22 барања, а 2 барања беа доставени до Одделението за нормативно-правни работи на Дирекцијата, заради давање мислење. Поведен е управен спор против едно конечно решение на Дирекцијата.

Според досега поднесените барања, граѓаните најчесто се жалат на повреда на правото на заштита на личните податоци поради:

- откривање на лични податоци на трети лица од страна на јавни институции и приватни компании без законски основ и без согласност на субјектот на личните податоци;
- објавување на лични податоци на интернет без согласност на субјектот на личните податоци;
- објавување на лични податоци во поголем обем во однос на целите заради кој се собрани или обработени;
- крадење на идентитет;
- вршење пренос на личните податоци во други држави без претходна согласност на субјектот на личните податоци;
- неовластено користење на ЕМБГ за несоодветни цели;
- неовластено собирање на ЕМБГ од страна на правни лица;
- неовластено користење на личните податоци заради комерцијални цели;
- неовластено задржување на исправи-документи за идентификација со лични податоци на пријавници кај правни лица.

Поголем дел од барањата за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци се поднесени кон крајот на извештајниот период, така што постапката за одлучување започната во 2007 година, продолжи во 2008 година.

---

[12] Табела 5 од Прилогот кон Годишниот извештај
[13] Табела 6 од Прилогот кон Годишниот извештај

## *6.4. Централен регистар*

Во текот на извештајниот период беа преземени активности за воспоставување на Централен регистар, како помошен инструмент, во функција на остварување на правото на информирање на граѓаните за збирките на лични податоци што ги водат контролорите. Проектното решение за поставување на Централниот регистар и неговото програмирање беа завршени пред крајот на 2007 година, а истиот е пуштен во функција во текот на јануари 2008 година. Се очекува во текот на 2008 година контролорите да ги регистрираат евиденциите на збирките на лични податоци во Централниот регистар.

# 7. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОИНТЕГРАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во извештајниот период, Дирекцијата продолжи со рализација на мерките и активностите, кои произлегуваа од поглавјето 23 Правосудство и човекови права и од поглавјето 10 Информатичко општество и медиуми од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) за 2007, од аспект на заштитата на личните податоци.

Дирекцијата учествуваше и во тековното ажурирање на Акциониот план за Европско Партнерство (АПЕП) за 2007 година, при што се детектирани сите релевантни извори од acquis communautaire потребни за усогласување на домашното со европското законодавство за подготовка на делот за заштита на личните податоци.

На Четвртиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Европската унија и Република Македонија, што се одржа во Скопје на 26-27.11.2007 година, беше ставен акцент на фундаменталните човекови права, меѓу кои посебно и на правото за заштита на личните податоци. Пред претставниците на Европската комисија беше претставено досегашното работење на Дирекцијата и беа презентирани достигнувањата во сферата на заштита на личните податоци во Република Македонија.

## *7.1. Eurojust*[14]

Претставник на Дирекцијата присуствуваше на состанокот одржан на 08-09.07.2007 година помеѓу Делегацијата на Република Македонија и Колегиумот на Eurojust за разгледување на можностите за почнување преговори за потпишување на Договор за соработка помеѓу Република Македонија и Eurojust, каде што беше оценето дека една од главните претпоставки за почнување на преговорите за склучување договор е воспоставувањето на адекватен систем на заштита на личните податоци.

## *7.2. Europol*[15]

Дирекцијата има активно учество и во подготовките на Република Македонија за потпишување на Оперативен договор за соработка со Europol, што треба да следи како повисок стадиум на соработка по потпишувањето на Стратегискиот договор за соработка со Europol.[16] Воведувањето на одредби за заштита на лични податоци во Законот за полиција[17] и подготвените измени и дополнувањата на член 4 од Законот за заштита на личните податоци се во насока на создавање на една од клучните претпоставки за склучување на договорот.

---

[14] Eurojust е ново тело на Европската унија основано во 2002 година, чија цел е зајакнување на ефективноста на институциите на земјите членки надлежни за истрага и гонење на сериозни облици на прекуграничен и организиран криминал.

[15] Europol (Европска полициска управа) е агенција на Европската унија задолжена да собира разузнавачки информации од областа на криминалот.

[16] Склучен на 16.01.2007 година

[17] „Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06

# 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка во полето на заштитата на личните податоци претставува една од стратешките определби на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Воспоставувањето на меѓународна соработка се појави како приоритет од основањето на Дирекцијата. Во услови на непостоење на домашна практика, Дирекцијата немаше друг начин како да ја постави основата и како да се развива, освен преку црпење искуства од соодветните институции во другите европски земји.

## *8.1. Активности во Европската унија и Советот на Европа*

За време на извештајниот период, Дирекцијата активно се вклучи во работата на Работната група 29 во рамките на Европската комисија (Working Party 29) и во Консултативниот комитет за заштита на личните податоци на Советот на Европа (T-PD).

### 8.1.1. Работната група 29 (Working Party 29)

Во април 2007 година, Дирекцијата достави барање до Европската комисија, Директорат - правда, слобода и безбедност, Оддел за заштита на личните податоци за доделување на статус на набљудувач во Работната Група 29, по однос на кое доби официјално известување дека истото е одобрено. Од тогаш, Дирекцијата учествуваше на три состаноци, на кои приоритетни теми беа дефиницијата за личните податоци, заштита на личните податоци на децата, шенген информацискиот систем, SWIFT кодовите и заштитата на приватноста на интернет.

### 8.1.2. Консултативен Комитет (T-PD)

Дирекцијата како надлежен орган за заштита на личните податоци е член на Консултативниот Комитет T-PD на Советот на Европа.

Дирекцијата учествуваше на Пленарната седница на Консултативниот комитет, одржана на 15-16 март 2007 година, на која се работеше на прашања поврзани со SWIFT кодовите и листите на имиња на патници во контекст на борбата против тероризмот, како и на други прашања кои произлегуваат од Конвенцијата 108/81, а се во врска со автоматската обработка на личните податоци.

## *8.2. Активности во меѓународните мрежи на органите за заштита на личните податоци*

### 8.2.1. Пролетна конференција на Европските органи за заштита на личните податоци

Дирекцијата учествуваше на Пролетната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци, што се одржа на 10-11 мај 2007 година во Ларнака, Република Кипар, а чија цел е остварување на поблиска соработка со институциите кои работат на полето на заштитата на личните податоци. Конференцијата беше посветена на неколку интересни и исклучително важни теми како електронски медицински досиеја, подобрување на заштитата на приватноста на глобално ниво, иницијатива за воведување на "европски печат на приватноста", заштита на личните податоци во третиот столб, заштита на личните податоци во институциите на Европската унија, Europol и Eurojust, искуство во вршење надзор, децата и заштитата на личните податоци, меѓуграничен проток на податоци и борба против организираниот криминал, медиумите и заштитата на личните податоци.

#### 8.2.2. Конференција на органите за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа

Дирекцијата со свој претставник учествуваше на Конференцијата на органите за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа, која се одржа на 4-6 јуни 2007 година во Задар, Република Хрватска. Актуелни теми на конференцијата беа: заштита на личните податоци во е-здравството, пристап до информации од јавен карактер, промени по влегувањето во шенген просторот, заштитата на личните податоци и националната безбедност и  видеонадзор на јавен простор.

#### 8.2.3. Меѓународна група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите

Дирекцијата се вклучи во работата на Меѓународната група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите со учеството на 41-от Состанок во април 2007 година и 42-от Состанок во септември 2007 година. Состаноците на Меѓународната група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите во 2007 година беа посветени на следните теми: обработка на лични податоци во услугите што ги нуди Google Inc, приватноста и прекуграничниот маркетинг, обработка на лични податоци преку апаратите за снимање во возилата, дигитална телевизија и приватност, Е-Билети, достапност на електронските медицински досиеја на интернет, спам и други теми кои се во фокусот на работата на органите за заштита на личните податоци, а се однесуваат на заштитата на личните податоци во телекомуникацискиот сектор.

#### 8.2.4. Работилница за постапување по барања

Дирекцијата се вклучи во работата на 15-тата Работилницата за постапување по барања од април 2007 година, која се одржа во Хелсинки, Финска, а во ноември 2007 година и зеде учеството и на 16-тата Работилница одржана во Лисабон, Португалија. На овие две работилници се разгледуваа прашањата за заштитата на личните податоци на интернет, директен маркетинг, заштита на личните податоци на децата, заштита на личните податоци во банкарскиот сектор, креирање на црни листи, пренос на личните податоци во други држави, видео надзор над вработените и други теми кои се во фокусот на работата на органите за заштита на личните податоци.

### *8.3. Билатерална соработка*

Во рамките на Проектот за техничка поддршка на Дирекцијата КАРДС 2004, од 02 до 06 јули 2007 година, беше остварена студиска посета на Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Италија. Во текот на студиската посета се оствари соработка меѓу вработените на Дирекцијата и Италијанската канцеларија, при што се разменети искуства од значење за понатамошното работење на Дирекцијата.

Како знак на добра волја за континуирана соработка која што ќе ја зацврсти размената на искуства и знаења помеѓу експертите од двете тела на полето на развој на законодавството, меѓународните активности и проектите за заштита на личните податоци, Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Италија и Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија потпишаа Меморандум за соработка.

# 9. ПРОЕКТИ

## *9.1. Проект на Европската унија*

Во текот на 2007 година, продолжија активностите во Дирекцијата поврзани со имплементација на Проектот “Техничка поддршка во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите на заштита на податоците во Република Македонија“, финансиран од Европската унија, а раководен од Европска агенција за реконструкција, чие траење изнесуваше 18 месеци, почнувајќи од 30 мај 2006 година до 30 ноември 2007 година.

Проектот се однесуваше на сеопфатно регулирање на заштитата на личните податоци и на развојот на Дирекцијата, чија реализација се оствaруваше преку пет основни компоненти: правна поддршка; создавање, разработување и подобрување на стандардизираните постапки за вршење на основните надлежности на Дирекцијата; градење и зајакнување на капацитетите на Дирекцијата преку организирани обуки по однос на различни прашања од областа на заштитата на личните податоци, а со цел приближување и следење на европските принципи за заштита на личните податоци во секојдневната практика; организирање и реализација на активности и иницијативи за зголемување на свеста кај пошироката јавност за прашањата од областа на заштитата на личните податоци и информатичка поддршка.

## *9.2. Проекти на ФИООМ*

Правната програма на Фондацијата Институт отворено општество Македонија-ФИООМ е посветена на унапредување на владеењето на правото и поддржување на реформите на правниот систем во Република Македонија.

Заштитата на личните податоци, слободниот пристап до информациите од јавен карактер и заштитата на класифицираните информации се само дел од областите во кои е неопходно приближување кон законодавството на Европската унија.

Фондацијата Институт отворено општество Македонија во соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, организираше три работни средби на тема „Подобрување на имплементацијата и примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за безбедност на клацифицирани информации и Законот за заштита на личните податоци”, чија цел беше да се дискутира и идентификува добрата практика, како и предизвиците во имплементацијата на овие три закони.

Претставник на Дирекцијата беше член и во експертската група на Проектот „Борба против организираниот криминал“ на ФИООМ. Улогата на Дирекцијата во овој проект беше во функција на воспоставување баланс помеѓу мерките и активностите што се преземаат во борбата против организираниот криминал и заштитата на човековите права, меѓу кои и заштитата на личните податоци, како и во функција на потреба да се регулира размената на личните податоци помеѓу институциите кои се овластени да преземаат мерки и активности за борба против криминалот.

## *9.3. Проект на Фондација Метаморфозис*

Во периодот 29-30 ноември 2007 година во Скопје, во организација на Фондацијата Метаморфозис се одржа Третата меѓународна конференција „е -Општество.Мк 2007“ на тема „Инклузивна е - власт“ во рамките на проектот „Мрежа за инклузивна е-власт во Западен Балкан”.

Дирекцијата зеде учество преку свое излагање на тема „Аспекти на заштита на личните податоци кај инклузивната власт“. Воспоставената соработка на Дирекцијата со Проектот „Е - Општество“ продолжува. Заштитата на личните податоци како тема е присутна и во месечните изданија на електронскиот билтен – Metamorphosis e-Bilten и за време на овој период.

## *9.4. Проекти на МИМ*

Дирекцијата е вклучена во проектот “Техничка помош за имплементација на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер” на Македонскиот институт за медиуми со номинација на еден член како обучен тренер за слободен пристап до информации од јавен карактер, чија улога е да ја презентира потребата од постоење на баланс помеѓу ова право и правото на заштита на лични податоци. Целта на проектот е организирање на серија обуки за носителите на јавни информации, како и организирање јавна кампања за информирање на граѓаните за можностите што ги нуди овој закон. Проектот трае од септември 2007 до септември 2009 година.

Како завршна активност на проектот “Акција на медиумите и на јавната администрација за зголемување на транспарентноста и отчетноста”на Македонскиот институт за медиуми, беше организирана националната конференција „Улогата на новинарите-истражувачи во борбата со корупцијата во Македонија“. Дирекцијата за заштита на личните податоци беше дел од оваа конференција со излагање на тема „Медиумско емитување на снимен материјал од истражни акции и заштитата на личните податоци“.

## 10. ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Подигнувањето на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и приватноста е клучен императив во работењето на Дирекцијата. Во изминатата година Дирекцијата посвети големо внимание на односите со јавноста како една од суштествените активности во нејзиното работење.[18] Односите со јавноста се остваруваа главно преку следните активности:

- Организирање прес конференции, интервјуа и други форми на присуство во печатените и електронските медиуми преку кои јавноста беше информирана за сите активности на Дирекцијата;[19]
- Изработка на ТВ спот за заштита на личните податоци;
- Организирање на семинари, работилници, обуки и тркалезни маси, за повеќе сегментирани јавности;[20]
- Дистрибуција на печатени информативни материјали;[21]
- Отворање на интернет страната на Дирекцијата, како е тријазично портално решение (македонски, англиски и албански јазик). Интернет страната на Дирекцијата е директно поврзана со интернет страната на Централниот регистар. На професионалната интернет страна е претставена политиката за заштита на личните податоци и истата игра важна улога за препознавање на Дирекцијата и нејзината достапност до граѓаните.

### *10.1. Ден за заштита на личните податоци - 28 јануари*

Република Македонија, во 2007 година за прв пат го одбележа Европскиот ден на заштита на личните податоци.[22]

На 26 јануари 2007 година, Дирекцијата, беше отворена за сите новинари, нивните прашања и интереси за заштитата на личните податоци. Информациите за Денот на заштита на личните податоци беа објавени во поголемиот број медиуми, а беа дистрибуирани до јавноста и информативни брошури.

Главната активност се одржа на 29 јануари, Денот на отворени врати на Дирекцијата кога сите заинтересирани граѓани можеа да ја посетат Дирекцијата и непосредно да се информираат за нејзината работа и за принципите на заштита на личните податоци, како и да добијат практични совети од вработените на Дирекцијата. Средношколци од неколку средни училишта присуствуваа на Денот на отворени врати на Дирекцијата.

---

[18] Табела 7 од Прилогот кон Годишниот извештај
[19] Табела 8 од Прилогот кон Годишниот извештај
[20] Табела 9 од Прилогот кон Годишниот извештај
[21] Табела 10 од Прилогот кон Годишниот извештај
[22] Советот на Европа, на 962-та средба на Комитетот на Министри донесе Одлука со која го прогласи ***28-ми јануари за Европски ден на заштитата на личните податоци.*** Иницијативата за определување на Ден на заштитата на личните податоци е на Консултативниот комитет (T-PD), а 28-ми јануари е определен како датум на кој е донесена и отворена за потпис Конвенцијата за заштита на лицата во однос на автоматската обработка на личните податоци 108/81 на Советот на Европа. Денот на заштита на личните податоци, 28 јануари за прв пат во цела Европа се одбележа во 2007 година.

### 10.1.1. Подготовки за одбележување на Денот за заштита на личните податоци – 28 јануари во 2008

По препорака на Советот на Европа, Дирекцијата во 2007 година презеде активности за второто одбележување на Денот на заштита на личните податоци - 28 јануари во 2008 година, при што главен акцент беше ставен на подготовката за промоција на брошурата „Ти одлучуваш“ наменета за младата популација.

## 11. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во текот на 2007 година, во Дирекцијата за заштита на личните податоци пристигнаа 7 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои 3 барања се однесуваа на добивање информација за бројот на поднесените барања од страна на граѓаните и моменталниот статус на постапката по истите, 3 барања се однесуваа на информација поврзана со меѓународните активности на Дирекцијата, а едно за информација за начинот на пристап до информациите од Централниот регистар.

Дирекцијата за заштита на личните податоци оцени дека информациите што беа побарани не спаѓаат во ниту една од групите на информации предвидени во член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер каде што се предвидени исклучоците од слободниот пристап до информации, па согласно тоа, претставуваат информации од јавен карактер. Оттука, на сите поднесени барања беше одговорено во законски предвидениот рок. На барањата е одговорено детално, прецизно, а во согласност со природата на барањата, во прилог кон информациите беа изготвени табели и графички прикази на одредни состојби кои ја поткрепуваат информацијата.

Против одговорите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер дадени од страна на Дирекцијата, не е вложен ниту еден приговор и не се поведени управни спорови.

## 12. ПРИОРИТЕТИ ЗА 2008 ГОДИНА

Главните планирани активности и приоритети на Дирекцијата за 2008 година се фокусирани кон продолжување на сите започнати процеси во областа на заштитата на личните податоци:

- Имплементација на Законот за заштита на личните податоци во поглед на acquis communautaire, попрецизно дефинирање на постапките (вршење управен надзор, постапување по барања, известување за евиденциите што ги водат контролорите) во подзаконските акти, чие донесување е во надлежност на Дирекцијата;
- Активно учество на Дирекцијата во проследувањето на предлозите за измени и дополнувања на законската регулатива во земјата од аспект на заштита на личните податоци со што ќе се зајакне институционалната рамка на Дирекцијата како независен орган кој врши надзор и кој може да изрекува мерки и санкции;
- Продолжување на континуитетот во остварувањето на меѓународна соработка и активно учество во работата на органите и телата на Советот на Европа и Европската унија, што работат во областа на заштита на личните податоци;
- Интензивирање на надзорот над обработката на збирките на лични податоци во јавниот и приватниот сектор;
- Грижа за внесување и тековно водење на евиденциите на збирките на лични податоци на контролорите во Централниот регистар;
- Организирање обуки и семинари за контролори и граѓани;
- Изготвување на стратегија за комуникација на Дирекцијата со општата јавност и сегментирани јавности, со цел подигнување на јавната свест;
- Кадровско и техничко зајакнување на Дирекцијата.

## 13. ПРЕПОРАКИ

Дирекцијата ги дава следните препораки за унапредување на правото на заштита на личните податоци во Република Македонија:

- Доследна и целосна имплементација на одредбите на Законот од страна на сите контролори во Република Македонија, како во приватниот, така и во јавниот сектор;
- Донесување на подзаконски (интерни) акти од страна на контролорите кои произлегуваат од Законот, а се однесуваат на обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци;
- Преземање и обезбедување на соодветни технички и организациски мерки за обработка на личните податоци од страна на контролорите со што ќе се спречи секоја потенцијална злоупотреба;
- Спроведување на изречените мерки со решението на Дирекцијата од страна на контролорите над кои што е извршен управниот надзор;
- Известување на граѓаните пред секое собирање и обработка на личните податоци од страна на контролорите за целите на обработка;
- Обработка на личните податоци единствено за целите заради кои се собираат и обработуваат;
- Обезбедување на правото на пристап на граѓаните до нивните лични податоци, како и овозможување на исправка и ажурирање на истите од страна на контролорите;
- Регистрација на евиденциите на збирките на лични податоци што се водат на територијата на Република Македонија во Централниот регистар на Дирекцијата со што ќе се обезбеди поголем степен на транспарентност при обработката на лични податоци;
- Обезбедување на претходно мислење од Дирекцијата при секој пренос на лични податоци во други држави со што ќе се овозможи оценување на степенот на соодветност на заштитата на личните податоци во другата држава;
- Понатамошно јакнење на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и инструментите што можат да ги користат доколку дојде до злоупотреба на ова нивно право.

## 14. ЗАКЛУЧОК

Концептот на заштита на личните податоци во Република Македонија е релативно нов и е во постојан развој. Работењето во насока на почитување на основните човекови слободи и права бара внимателен пристап до граѓаните и нивните проблеми, извесна доза на трпеливост, постојаност, знаење и почит.

Во овој кус период на постоење, Дирекцијата се постави во улога на чувар на приватноста на граѓаните на Република Македонија и ја зајакна својата позиција во вршењето на надзор над исполнувањето на обврските од страна на контролорите.

Не помалку значајно е вклучувањето на Дирекцијата во сите меѓународни тела и организации од областа на заштитата на личните податоци. Преку меѓународните активности Дирекцијата стана препознатлив и респективилен партнер во соработката со надзорните тела од оваа област во регионот и пошироко.

Дирекцијата како самостоен државен орган, независен и издвоен од извршната власт и политичкото влијание, со поддршка на релевантните институции и граѓаните е на вистински пат да ги исполни поставените европски стандарди во оваа област. Тоа ќе претставува и значаен придонес на патот на интегрирањето во Европската унија, како главна стратегиска цел на Република Македонија во наредниот период.

## ПРИЛОГ

*Табела 1: Преглед на реализација на средства во 2007 година*

| Ставка | Буџет 2007 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **401** | 4.525.000,00 | 3.795.184,00 | 83,87% |
| **402** | 1.929.000,00 | 1.609.807,00 | 83,45% |
| **403** | 13.000,00 | 9.908,00 | 76.22% |
| **420** | 873.000,00 | 843.360,00 | 96,60% |
| **421** | 1.108.000,00 | 848.837,00 | 76,61% |
| **423** | 150.000,00 | 149.616,00 | 99,74% |
| **424** | 30.000,00 | 29.400,00 | 98% |
| **425** | 119.000,00 | 117.819,00 | 99,01% |
| **426** | 220.000,00 | 191.629,00 | 87,10% |
| **483** | 296.000,00 | 268.957,00 | 90,86% |
| **485** | 66.000,00 | 65.310,00 | 98,95% |
| | **9.329.000,00** | **7.929.827,00** | **85%** |

*Табела 2: Компаративна табела на реализација на средства по години*

| Ставка | Реализација 2006 | Реализација 2007 | % на промена 2007 во однос на 2006 |
|---|---|---|---|
| **401** | 2.122.049,00 | 3.795.184,00 | 178,85% |
| **402** | 913.401,00 | 1.609.807,00 | 176,24% |
| **403** | 5.619,00 | 9.908,00 | 176,33% |
| **420** | 322.260,00 | 843.360,00 | 261,70% |
| **421** | 551.776,00 | 848.837,00 | 153,84% |
| **423** | 178.979,00 | 149.616,00 | 83,59% |
| **424** | 6.000,00 | 29.400,00 | 490% |
| **425** | 287.448,00 | 117.819,00 | 40,99% |
| **426** | 164.387,00 | 191.629,00 | 116,57% |
| **483** | 335.955,00 | 268.957,00 | 80,06% |
| **485** | 74.630,00 | 65.310,00 | 87,51% |
| | **4.962.504,00** | **7.929.827,00** | **159,79%** |

*Табела 3: Преглед на извршени управни надзори во 2007 година*

| Област/Контролор | Број на извршени надзори |
|---|---|
| **Вработување** | **7** |
| АВРМ Централна служба Скопје | 1 |
| АВРМ Центар за вработување на град Скопје | 1 |
| АВРМ Центар за вработување на Штип | 1 |
| АВРМ Ц ентар за вработување на Кочани | 1 |
| АПВ Проспект Прилеп | 1 |
| АПВ Партнер Скопје | 1 |
| Самеримпекс Импулси ДОО Скопје | 1 |
| **Банкарство** | **2** |
| Комерцијална банка АД Скопје | 1 |
| Стопанска банка АД Скопје | 1 |
| **Телекомуникации** | **8** |
| Космофон АД Скопје | 2 |
| Т-Мобиле АД Скопје | 2 |
| АД Македонски телекомуникации Скопје | 3 |
| ДИС Он.нет ДОО Скопје | 1 |
| **Пензиско и инвалидско осигурување** | **5** |
| ФПИОМ | 1 |
| ФПИОМ ПО Штип | 1 |
| КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | 1 |
| Нов пензиски фонд АД Скопје | 1 |
| МАПАС | 1 |
| **Државни органи** | **5** |
| Агенција за државни службеници | 1 |
| Министерство за правда | 1 |
| Министерство за правда ПО Скопје | 1 |
| Државен завод за статистика | 1 |
| Државна изборна комисија | 1 |
| **Друштва за наплата на долг** | **2** |
| ЕОС Матрикс ДОО Скопје | 1 |
| Кредитекспрес Македонија ДООЕЛ Скопје | 1 |
| **Граѓански асоцијации** | **1** |
| ГА МОСТ | 1 |
| **Туристички агенции** | **1** |
| Балкан Нет Турист Струга | 1 |
| **Хотели** | **1** |
| Хотели Метропол АД Охрид (Езерски комплекс) | 1 |
| **Директен маркетинг** | **3** |
| Презент ком мк ДОО Скопје | 1 |

| | |
|---|---|
| Дата банк ДОО Скопје | 1 |
| Младинска книга ДООЕЛ Скопје | 1 |
| **Пренос на податоци во трети земји** | **2** |
| Авон козметикс  ДООЕЛ Скопје | 1 |
| Орифлеим Козметикс ДООЕЛ Скопје | 1 |
| **Здравство** | **6** |
| ЈЗО Здравствен дом Скопје-Централна служба | 1 |
| РЗЗЗ | 1 |
| ФЗОМ | 1 |
| ФЗОМ ПО Скопје | 1 |
| Брза помош/Домашна посета | 1 |
| Ре-Медика ПЗУ Скопје | 1 |
| **Наградни игри** | **1** |
| ВЕРО 2 | 1 |
| **ЕМБГ на граѓански чекови** | **2** |
| Рамстор Македонија ДОО | 1 |
| ДПТТУ ДИ-ММ ДООЕЛ | 1 |
| **ВКУПНО** | **46** |

*Табела 4: Преглед на дадени стручни мислења во 2007 година*

| **Област/Контролор** | **Вид на мислење** | **Број на дадени мислења** |
|---|---|---|
| **Пензиско и инвалидско осигурување** | | **5** |
| МТСП | Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување | 1 |
| КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | Подзаконски акт | 1 |
| МАПАС | Подзаконски акт | 1 |
| ФПИОМ | Подзаконски акт | 1 |
| МАПАС | Размена на податоци | 1 |
| **Хартии од вредност** | | **2** |
| ЦДХВ | Подзаконски акт | 1 |
| Менс легис | Размена на податоци | 1 |
| **Банкарство** | | **12** |
| НБРМ | Подзаконски акт | 1 |
| Штедилница Флум | Подзаконски акт | 1 |
| ЕОС Матрикс ДОО Скопје | Подзаконски акт | 1 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | Подзаконски акт | 1 |
| Комерцијална банка АД Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| КИБС | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| НБРМ | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Алфа Банка АД | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Кредит Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| ЕОС Матрикс ДОО Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Комерцијална Банка АД Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Статистика** | | **2** |
| ДЗС | Закон за изменување и дополнување на Законот за државна статистика | 1 |
| ДЗС | Размена на податоци | 1 |
| **Труд и социјала** | | **1** |
| МТСП | Размена на податоци | 1 |
| **Телекомуникации** | | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| Т-Мобиле АД Скопје | Подзаконски акт | 1 |
| АД Македонски телекомуникации Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 3 |
| Космофон АД Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Директен маркетинг** | | **4** |
| Адверт СМС | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Водовод и канализација | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Агенција за електронски комуникации | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Македонска пошта АД Скопје | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Здравство** | | **6** |
| МЗ | Закон за заштита на пациентите | 1 |
| РЗЗЗ | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 2 |
| Градска аптека | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| МЗ | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Клиника за детски болести | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Осугурување** | | **2** |
| КЈУБИ Осигурување | Подзаконски акт | 1 |
| Национално биро за осигурување | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Слободен пристап до информации** | | **6** |
| СЕП | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| МОН | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| ДКСК | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| МВР | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| КЗСПИЈК | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| ДКСК | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Одбрана** | | **1** |
| МО | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Услови за пренос на податоци** | | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| Адвокатска канцеларија Антевски | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| Царинска управа | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Согласност за пренос** | | **7** |
| Република Чешка | Оцена на степен на заштита | 1 |
| Република Германија | Оцена на степен на заштита | 4 |
| Република Бугарија | Оцена на степен на заштита | 1 |
| Соединети американски држави | Оцена на степен на заштита | 1 |
| **Даночна постапка** | | **1** |
| Единица на локална самоуправа Кичево | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Работни односи** | | **3** |
| МТСП | Закон за вработување странци | 1 |
| МОТИВА | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| УСЈЕ | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | 1 |
| **Електронска трговија** | | **1** |
| МЕ | Закон за електронска трговија | 1 |
| **Државни органи** | | **4** |
| МП | Подзаконски акт | 1 |
| АДС | Подзаконски акт | 1 |
| АДС | Подзаконски акт | 1 |
| МП | Размена на податоци | 1 |
| **Физички лица** | Консултација по однос на примена на ЗЗЛП | **15** |
| **ВКУПНО** | | **72** |

*Табела 5: Преглед на дадени укажувања во 2007 година*

| **Област/Контролор** | **Предмет на укажување** | **Број на дадени укажувања** |
|---|---|---|
| Општина Прилеп | Неовластено објавување на лични податоци на интернет | 1 |
| Комисија за хартии од вредност | Неовластено објавување на лични податоци на интернет | 2 |
| МЗШВ | Неовластено објавување на лични податоци на интернет | 1 |
| Пекабеско АД Скопје | Неовластено објавување на лични податоци на интернет | 1 |
| ТД Огласник М | Неовластено објавување на лични податоци на интернет | 1 |
| Автомакедонија | Ширење на SPAM пораки | 1 |
| ДИС Он.нет ДОО Скопје | Несоодветна методологија на собирање на податоци | 2 |
| АД Македонски телекомуникации Скопје | Неовластено поставување на камери на јавен простор | 1 |
| ДИС Он.нет ДОО Скопје | Неовластено објавување на податоци за малолетни лица на интернет | 2 |
| Генералштаб на АРМ | Неовластено објавување на лични податоци во печатен медиум | 1 |
| **ВКУПНО** | | **13** |

*Табела 6: Преглед на барања од граѓани за утврдување на повреда на право во 2007 година*

| **Област** | **Број на поднесени барања** | **Решени** | **Постапката е во тек** |
|---|---|---|---|
| Вработување | 2 | 2 | 0 |
| Финансии | 6 | 5 | 1 |
| Телекомуникации | 5 | 4 | 1 |
| Адвокатска дејност | 1 | 1 | 0 |
| Куќен совет | 2 | 2 | 0 |
| Медиуми | 3 | 3 | 0 |
| Државни органи | 2 | 2 | 0 |
| Предмети дадени на мислење | 2 | 2 | 0 |
| Неовластено откривање на ЕМБГ | 1 | 1 | 0 |
| **ВКУПНО** | **24** | **22** | **2** |

*Табела 7: Преглед на активности за подигнување на јавна свест во 2007 година*

| **Вид на активност** | **Зачестеност** | **Целна група** |
|---|---|---|
| **Семинари и работилници** | | |
| Секторски семинар | 5 | МВР, ЦУРМ, ДСПП, МЗ, ФЗО, РЗЗЗ, МАПАС, ПИОМ, ДЗС, МТСП, АВРМ, АПВ, телекомуникациските оператори и интернет провајдери |
| Семинар | 3 | Органи на централна власт, банкарство, осигурување, телекомуникации и медиуми |
| Работилница | 2 | Односи со јавност од јавен и приватен сектор |
| Работилница | 6 | Основни и средни училишта |
| Работилница | 1 | Осигурување |
| Работилница | 1 | Здравство |
| Работилница | 1 | Полициски сектор |
| Обука | 5 | АВРМ Централна служба и ЦВ во Велес, Битола, Охрид и Струмица |
| Обука | 2 | Академија на судии |
| **ВКУПНО** | **27** | |
| **Печатени материјали** | | |
| Билтен | 2 | Граѓани на Република Македонија |
| Леток | 3 | Граѓани на Република Македонија |
| Водич | 1 | Граѓани на Република Македонија |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **Видео спот** | | |
| Видео спот | 1 | Граѓани на Република Македонија |
| **ВКУПНО** | **1** | |
| **Веб страна на ДЗЛП** | | |
| www.dzlp.mk | 1 | Граѓани на Република Македонија |
| **ВКУПНО** | **1** | |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ** | **20** | |

*Табела 8: Преглед на медиумска застапеност во 2007 година*

| **Вид на медиум** | **Број на прилози** |
|---|---|
| Печатен | 46 |
| Телевизија | 16 |
| Радио | 5 |
| **ВКУПНО** | **67** |

*Табела 9: Преглед на организирани семинари, работилници и обуки во 2007 година*

| **Вид на активност** | **Област** | **Целна група** |
|---|---|---|
| Работилница<br>февруари 2007 | Односи со јавност | Лица за односи со јавност во контролори-јавен сектор |
| Работилница<br>февруари 2007 | Односи со јавност | Лица за односи со јавност во контролори-приватен сектор |
| Секторски семинар<br>март 2007 | Полиција и внатрешни работи | МВР, Царинска управа, ДСПП |
| Пет обуки со вработените во АВРМ за спроведување на ЗЗЛП март 2007 | АВРМ и Центрите за вработување низ Македонија | АВРМ Централна служба, АВРМ ЦВ Велес, АВРМ ЦВ Битола, АВРМ ЦВ Охрид, АВРМ ЦВ Струмица |
| Семинар за спроведување на ЗЗЛП, ЗСПИЈК и ЗКИ мај 2007 | Централна власт | Органи на Централна власт |
| Работилница<br>јуни 2007 | Полиција и внатрешни работи | МВР, Царинска управа, ДСПП |
| Секторски семинар<br>јуни 2007 | Здравство и социјална заштита | МЗ, ФЗО, РЗЗЗ, МАПАС, ПИОМ |
| Семинар за спроведување на ЗЗЛП, ЗСПИЈК и ЗКИ јули 2007 | Медиуми | Медиуми |
| Семинар за спроведување на ЗЗЛП, ЗСПИЈК и ЗКИ јули 2007 | Банкарство, осигурување и телекомуникации | Банки, осигурителни компании, телекомуникациски оператори |
| Работилница<br>август 2007 | Осигурување | Осигурителни компании |
| Работилница<br>септември 2007 | Здравство | Клинички центар |
| Секторски семинар<br>октомви 2007 | Државна статистика | ДЗС и сите контролори кои собираат, чуваат и обработуваат статистички податоци |
| Секторски семинар<br>октомври 2007 | Вработување | МТСП, АВРМ, Агенции за привремено вработување, Трудова инспекција |
| Секторски семинар<br>ноември 2007 | Телекомуникации | Телекомуникациските оператори во фиксна и мобилна телефонија и интернет провајдери |
| Две обуки<br>ноември 2007 | Судство | Академија на судии |
| Средби со ученици<br>јануари – ноември 2007 | Заштита на личните податоци на децата | Две основни училиште и четири средни училишта во Скопје |

*Табела 10: Преглед на подготвени информативни материјали во 2007 година*

| ***Период*** | ***Вид на информативен материјал*** | ***Наслов*** |
|---|---|---|
| јануари 2007 | Билтен | Водич за ИКТ Приватност – Приватноста како основно човеково право |
| јануари 2007 | Леток | Ден на заштита на личните податоци |
| јануари 2007 | Водич | Водич за заштита на личните податоци |
| април 2007 | Леток | Заштити ја својата приватност |
| мај 2007 | Леток | Заштити ја својата приватност |
| октомври 2007 | Билтен | Информативен билтен на ДЗЛП |

## КРАТЕНКИ

АВРМ – Агенција за вработување на Република Македонија
АД – Акционерско друштво
АДС – Агенција за државни службеници
АПВ – Агенција за привремени вработувања
АПЕП – Акциониот план за Европско Партнерство
АРМ – Армија на Република Македонија
ГА – Граѓанска асоцијација
ДЗЛП – Дирекција за заштита на личните податоци
ДЗС – Државен завод за статистика
ДИК – Државна изборна комисија
ДКСК – Државна комисија за спречување на корупција
ДОО – Друштво со ограничена одговорност
ДООЕЛ – Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
ЕМБГ – Единствен матичен број на граѓанинот
ЗЗЛП – Закон за заштита на личните податоци
ЗКИ – Закон за класифицирани информации
ЗСПИЈК – Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер
ЈЗО – Јавна здравствена организација
КЗСПИЈК – Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
КИБС – Клириншки интербанкарски системи АД Скопје (Клириншка куќа)
МАПАС – Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
МВР – Министерство за внатрешни работи
МЕ – Министерство за економија
МЗ – Министерство за здравство
МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МИМ – Македонски институт за медиуми
МО – Министерство за одбрана
МОН – Министерство за образование и наука
МП – Министерство за правда
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
НБРМ – Народна банка на Република Македонија
НПАА – Националната програма за усвојување на правото на Европската унија
ПЗУ - Приватна здравствена установа
ПО - Подрачни одделенија
РЗЗЗ – Републички завод за здравствена заштита
СЕП – Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Македонија
ФЗОМ – Фонд за здравствено осигурување на Македонија,
ФИООМ – Фондација Институт отворено општество Македонија
ФПИОМ – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија
ЦДХВ – Централен депозитар на хартии од вредност
ЦУРМ – Царинска управа на Република Македонија